**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за измена и дополнување на Законот за приватизација на државен капитал |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи<br>т. 3093 491<br>e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | , 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Согласно Законот за приватизација на државниот капитал Комисијата на Владата за приватизација има повеќе надлежности:

– го предлага начинот на продажба на акциите и уделите стекнати по основа на државниот капитал, одделно и заедно со акциите и уделите издадени на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
– и предлага на Владата на Република Македонија да именува претставници во претпријатија, односно друштва во кои има акции и удели стекнати по основа на државен капитал, и
– врши други работи утврдени со овој и друг закон.

Заради побрзо, поефикасно, и посистемско управување со процесот на приватизација Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен ќе ги презеде овие надлежности

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   **Да** се овозможи комисијата која преку јавен повик врши оценка на пристигнати понуди за продажба на идеален дел а која постапка следствено се применува и за приватизација на државен капитал, бројот на членовите да може да биде и поголем во зависност од конкретната продажба. Да се изврши правно технички пренос на надлежностите, правата и обврските на Комисијата за приватизација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен а со цел континуирано продолжување/ завршување на решавањето на предмети од надлежност на Комисијата за приватизација. И, да се озакони можноста за основање и купување на акции преку јавен повик со за таа цел посебно формирано правно лице со што се имплементира светското искуство на инвеститорите во делот на користење на special purpose vehicle компании. Се разбира истите гаранции за исплата на договорните казни објавени во јавниот повик мора идентично да важат и во случај кога акциите ќе се купат со посредство на special purpose vehicle компании. Имено, банкарската гаранција со која се гарантира исплатата на договорните казни треба да биде најмалку безусловна, неотповиклива, наплатлива на прв повик и издадена од Банка со седиште во Република Македонија или од странска Банка.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Секретаријат за законодавство,

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Владата на својата седница одржана на 23.03.2012 година по однос на разгледувањето на информација за имот надвор од границите на Република Македонија стекнат согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал заклучи Министерството за економија до Владата на Република Македонија да достави предлог за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал, согласно кои надлежностите од Комисијата за приватизација ќе се пренесат на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен;**

   Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

2. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална, потребно е да се направи анализа на Предлог Законот и да се утврдат неговите предности или слабости во имплементацијата, односно недостатоците при реализација на истото, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти кој истиот ги обезбедува.

3. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Не е формирана меѓуресорска група

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати во мај 2012 година, кога Владата на Република Македонија донесе заклучок за изготвување на Предлог законот.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   Не се вклучени надворешни консултанти .

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   јуни 2012 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?